# ДОДАТОК В : ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Крајната цел на Системот за квалитет што компанијата го воспостави и спроведува е да се применуваат начела за целосен квалитет во сите нејзини активности.

За да се одржува и развива овој систем потребно е следното:

- Систематски да се управуваат активностите и ресурсите;
- Да се утврдат, разберат и раководат меѓусебно поврзаните процеси како една целина;
- Да се користи Системот за квалитет како основа за постојано усовршување на организацијата на работата на компанијата;
- Да се усовршува квалитетот и намалуваат трошоците за производите со користење на поусовршена технологија, проектирање и развој;
- Да се одржува реномето на компанијата со произведување на производи според стандарди за висок квалитет, кои, пак, ќе бидат усогласени со условите и барањата на релевантните стандарди како и важечката регулатива;
- Поефикасно задоволување на потребите на купувачите преку ефикасна комуникација и известување во врска со нивните барања и рекламации.

Примената на Системот за квалитет на компанијата ги опфаќа сите фактори кои придонесуваат за активностите на компанијата (вработените, опремата, материјалите) како и сите нејзини добавувачи, со цел да се воспостави меѓусебна поврзаност во корист на двете страни.

Раководството на компанијата е должно да врши целосно применување на Системот за квалитет на секој можен начин врз основа на вршење анализа на податоци и информации, така што, секој ќе може лесно да го следи и ќе може да се применува за сите активности на компанијата.

Постојаното подобрување и усовршување на ефикасноста на нашата организација, процедурите и методите во сите области кои се вклучени во Системот за квалитет се крајни цели на нашата Политика за квалитет.

Главен извршен директор
Цементарница “УСЈЕ” АД - Скопје